# РЕГРУТИРАЊЕ НА СТУДЕНТИ-ВОЛОНТЕРИ КОИ БИ БИЛЕ АНГАЖИРАНИ КАКО ТУТОРИ-ВОЛОНТЕРИ

Економскиот факултет- Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје преку својот Центар за кариера регрутира ( на конкурс) студенти-волонтери кои би биле ангажирани како студенти-тутори во рамки на Факултетот.

Водени од мотото: „Од студентите за студентите - од Факултетот за Факултетот“, и работејќи во насока на реализирање на активностите за постигнување на целите предвидени во таа насока, Економскиот факултет - Скопје преку својот Центар за кариера регрутира ***студенти – волонтери кои би биле ангажирани како тутори-волонтери*** во рамки на нашиот Факултет, следејќи ги глобалните иницијативи за создавање подобро општество, во кое студентите можат да направат разлика, со тоа што ќе се активираат во рамки на својата високо-образовна институција.

Студентот-тутор ќе биде регистриран во Центарот за кариера како волонтер, а неговата активност ќе биде да им помага на оние студенти кои имаат проблеми со совладување на материјата по одреден предмет, стоејќи им на располагање за консултации и туторство во одреден термин, согласно распоред претходно утврден од страна на Центарот за кариера.

Предуслов за поднесување апликација е студентите да имаат **завршена прва студиска година и да го имаат положено предметот/предметите за кои се пријавуваат да бидат тутори-волонтери.**

Потребни документи за пријавување:

1. Копија од првите две страни на индексот (со што се потврдува идентитетот и статусот на студент) и последните две страни (со што се потврдува кој семестар е запишан)

2. Куса биографија (CV)

3. Препорака од предметен професор (исклучиво од професорот за кој предмет се пријавуваат да бидат тутори)
   **Доколку студентот се пријавува да биде тутор за повеќе предмети, тогаш е потребно да достави препорака од секој предметен професор кај кој ги положил истите.*

4. Кус есеј (не повеќе од 100-150 збора) на тема: ***„Ако можев јас, тогаш можете и вие!“*** (во кој кандидатот ќе даде кус осврт на мотивот зошто се пријавува за студент-тутор по одреден предмет и ќе образложи зошто токму тој е најдобриот избор за Факултетот)

Согласно стратегијата за селекција и регрутација на студенти-волонтери, процесот на селекција ќе се одвива во 4 фази и тоа:

**Прва фаза: Селекција врз основа на доставената документација.**
Во оваа првична фаза, ќе се врши елиминација на кандидатите врз основа на доставените документи. Кандидатите кои доставиле нецелосна документација и не ги запазиле горенаведените услови за пријавување, ќе бидат елимиирани.

**Втора фаза: Рангирање на кандидатите и утврдување кои кандидати ќе бидат поканети на интервју.**
Кандидатите кои ќе ја поминат првичната селекција, влегуваат во потесниот избор за студент-тутор кој се одвива во втората фаза. Во оваа фаза, целосната пријава на студентот се разгледува од аспект на неговите академски достигнувања, искуство и вештини (ова се утврдува од доставеното CV, есеј и препорака). Селекцијата во оваа фаза ја прави тим од професори и асистенти од секој од Департманите.

**Трета фаза: Интервју со избраните кандидати**

**Четврта фаза: Избор на студенти-тутори и нивно информирање**

*ВАЖНО: За својот ангажман и постигнат успех како тутор – волонтер, секој студент кој ќе го има овој статус, на крајот од својот волонтерски стаж ќе добие препорака и ќе се стекне со сертификат за успешно завршен волонтерски стаж издаден од Факултетот.*

Целосната документација заинтересираните студенти можат да ја доставаат во Архивата на Факултетот.

Дополнителни информации заинтересираните студенти, освен на следниот контакт:

Лице за контакт
м-р Маријана Секуловска
Раководител на Центарот за кариера
Економски факултет-Скопје
тел. **02/3286-835**
e-mail: marijanasekulovska@eccf.ukim.edu.mk

**Почитувани студенти,**
**Додадете им вредност на своите студии-пријавете се!**

ВЕ ОЧЕКУВАМЕ!

Со почит,
Економски факултет-Скопје